Food and Agriculture Organization of the United Nations

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

# Кратко резиме за Зелениот климатски фонд

**Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд**

## Што е Зелен климатски фонд?

Зелен климатски фонд (ЗКФ/GCF) е нов глобален фонд создаден од Рамковната конвенција за климатски промени на Обединетите нации за поддршка на напорите на земјите во развој да одговорат на предизвикот на климатските промени.

ЗКФ промовира промена на парадигмата кон развој со ниски емисии и отпорност кон климатските промени.




**Рамка за распределба на ресурсите од ЗКФ**

Со текот на времето, ресурсите на ЗКФ ќе бидат подеднакво распределени помеѓу мерките за ублажување (митигација) и прилагодување (адаптација) кон климатските промени. Најмалку половина од средствата за прилагодување ќе им бидат доделени на најмалку развиените земји (НРЗ), малите островски земји во развој (МОЗР) и африканските земји.

ЗКФ поддржува проекти и програми за ублажување на и прилагодување кон климатските промени во осум инвестициони области.

## Како да пристапиме до ресурсите на ЗКФ?

ЗКФ ги канализира своите ресурси преку акредитирани меѓународни, регионални, национални и субнационални субјекти. Тие можат да бидат јавни, приватни или невладини институции. „Акредитирани“ значи дека овие субјекти поминале низ процесот на акредитација на ЗКФ и ги исполнуваат стандардите на Фондот.




**Поставеност на ЗКФ**

Акредитираните субјекти подготвуваат и доставуваат предлог-проекти до ЗКФ. Во процесот на развивање и имплементација на предлог-проектите, акредитираните субјекти работат заедно со националните институции и го координираат процесот со Националниот назначен орган во Северна Македонија.

Северна Македонија сè уште нема директен пристап до ЗКФ преку национален акредитиран субјект. Аплицирањето и имплементирањето на проекти се спроведува во соработка со меѓународните акредитирани субјекти. Меѓународни акредитирани субјекти вклучуваат мултилатерални развојни банки, јавни и приватни меѓународни или регионални организации.

### Инвестициони области на Зелениот климатски фонд

#### Ублажување

Намалување на емисиите од:

- **Пристап до и генерирање на енергија** (пр. дистрибутивна мрежа, микро-мрежа, соларна, ветерна, геотермална енергија)
- **Транспорт** (пр. брза железница, брз автобуски систем, итн.)
- **Објекти, градови, индустрии и апарати** (пр. нова инфраструктура со реновирани енергетско ефикасни објекти, енергетско ефикасна опрема за компаниите, управување со синџирот на снабдување, итн.)
- **Шумарство и користење на земјиштето** (пр. зачувување и управување со шумите, агро-шумарство, наводнување во земјоделството, пречистување и управување со водите)

#### Прилагодување

Зголемена отпорност на:

- **Најранливите лица и заедници** (пр. диверзификација на ресурсите за снабдување, управување со вредносниот синџир, релокација на производните капацитети и складишта, итн.)
- **Здравјето и благосостојбата, како и сигурноста на храната и водата** (пр. климатски отпорни култури, ефикасни системи за наводнување)
- **Инфраструктурата** (пр. потпорни ѕидови, отпорни патни мрежи, итн.)
- **Екосистем и еко системски услуги** (пр. зачувување на и управување со екосистемот, екотуризам, итн.)

Целосна листа на акредитирани субјекти е достапна на веб-страницата на ЗКФ.

Националните субјекти заинтересирани за акредитација со ЗКФ се поканети да ја посетат официјалната веб-страница на ЗКФ и/или да контактираат со Националниот назначен орган за повеќе информации.

## Што претставува Националниот назначен орган?

Националниот назначен орган (ННО) е официјален орган за комуникација со ЗКФ. Кабинетот на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори е ННО во Република Северна Македонија.

Одговорности на ННО се:

- Стратешки надзор и осигурување дека активностите поврзани со ЗКФ во Северна Македонија се усогласени со националните цели и рамки поврзани со климатските промени и одржливиот развој;
- Поврзување на јавните, приватните и граѓанските чинители со цел да се идентификуваат приоритетите кои треба да се финансираат преку ЗКФ;
- Соработка со субјекти од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор кои бараат да се акредитираат за ЗКФ и номинирање на такви субјекти за акредитација за директен пристап;
- Обезбедување конзистентност на предлозите за финансирање со националните планови и приоритети поврзани со климатските промени;
- Координација и раководење со фондовите од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на ЗКФ

## Кои финансиски инструменти се достапни?

ЗКФ финансира проекти преку грантови, заеми, гаранции и вложување во основачки капитал. Исто така, обезбедува дополнителни грантови за подготовка на проекти и поддршка за акредитација на номинираните национални тела за директно пристапување.

## Како да поднесете предлог проекти до ЗКФ?

Субјектите кои не се акредитирани, но се заинтересирани да развијат предлози за финансирање до ЗКФ, треба да влезат во партнерство со меѓународни акредитирани субјекти или да контактираат со ННО со цел да добијат повеќе насоки за проектниот циклус и за листата на акредитирани субјекти.

Предложените проекти за финансирање од ЗКФ треба да се усогласени со шесте инвестициски критериуми на ЗКФ, мерките за заштита на животната средина и социјална заштита (МЗЖССЗ) и родовата политика на ЗКФ.




**Инвестициски критериуми на ЗКФ**

Проектните концепти или предлози треба прво да се достават до ННО на разгледување и одобрување (или поточно обезбедување согласност преку отсуство на приговор). ННО, во координација со другите министерства и јавни тела, ќе провери дали проектот е усогласен со националните приоритети и прописи.

Откако предлог-проектот ќе биде одобрен од страна на ННО, тие подготвуваат допис за одобрување до акредитираниот субјект за соработка. По финализирање на предлог-проектот, акредитираниот субјект ја поднесува апликацијата до Секретаријатот на ЗКФ за оцена и одобрување.

Помалите проекти до 10 милиони американски долари со минимални еколошки и социјални ризици можат да се квалификуваат за поедноставениот процес за одобрување, кој е предмет на критериумите за ЗКФ.

Инструментот за подготовка на проекти на ЗКФ ги поддржува акредитираните субјекти во подготовката на проекти, со фокус на субјектите со директен пристап и микро-до-мали проекти.

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:**

**Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Влада на Република Северна Македонија – Национален назначен орган за ЗКФ:**

- **Веб страница на кабинетот: www.vicepremier-ekonomija.gov.mk; Веб страница на ННО: www.greendevelopment.mk**

**Регионална канцеларија на ФАО за Европа и Централна Азија (Канцеларија на ФАО во Северна Македонија)**

- **FAO-RO-Europe@fao.org  (FAO-MK@fao.org)**

**Организација за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО) | Будимпешта, Унгарија**

CC BY NC SA
Some rights reserved. This work is available under a CC BY-NC-SA 3.0 IGO licence

© FAO, 2019
CA5475MK/1/07.19